# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Вторник, 17 октомври 2000
Скопје
Број 84 Год. LVI

Претплатата за 2000 година изнесува 7.800 денари. Овој број чини 50 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

**2829.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје се разрешува Ленче Софрониевска, по нејзино барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4060/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

---

**2830.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ**

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје се разрешува Јанко Узунов, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4059/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

---

**2831.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

1. Од функцијата судија на Апелациониот суд во Битола се разрешува Коста Споа, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4061/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

---

**2832.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), а во врска со Одлуката за определување бројот на судиите во апелационите судови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО СКОПЈЕ И НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:
- тројца судии на Апелациониот суд во Скопје и
- еден судија на Апелациониот суд во Битола.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над девет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весникот "Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4053/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски**, с.р.

---

**2833.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА**

1. Од функцијата судија на Основниот суд во Гевгелија се разрешува Трајко Аврамов, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4062/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2834.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија " бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА**

1. Од функцијата судија на Основниот суд во Битола се разрешува Никола Николовски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4063/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2835.**

Врз основа на член 99 став 3 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија и член 38 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија " бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ВО КАВАДАРЦИ**

1. Од функцијата судија на Основниот суд во Кавадарци се разрешува Лилјана Поповска, по нејзино барање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4064/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2836.**

Врз основа на членовите 42 и 44 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија " бр. 36/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА ОСНОВНИ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I

Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:

1) претседател на Основниот суд во Берово,
2) претседател на Основниот суд во Велес,
3) претседател на Основниот суд во Виница,
4) претседател на Основниот суд во Гевгелија,
5) претседател на Основниот суд во Гостивар,
6) претседател на Основниот суд во Дебар,
7) претседател на Основниот суд во Делчево,
8) претседател на Основниот суд во Кавадарци,
9) претседател на Основниот суд во Кичево,
10) претседател на Основниот суд во Кочани,
11) претседател на Основниот суд во Крива Паланка,
12) претседател на Основниот суд во Куманово,
13) претседател на Основниот суд во Крушево,
14) претседател на Основниот суд во Неготино,
15) претседател на Основниот суд во Охрид,
16) претседател на Основниот суд во Ресен,
17) претседател на Основниот суд во Свети Николе,
18) претседател на Основниот суд Скопје I-Скопје,
19) претседател на Основниот суд Скопје II-Скопје и
20) претседател на Основниот суд во Струга.

II

Заинтересираните кандидати, пријавите да ги достават до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

III

Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весникот "Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4054/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2837.**

Врз основа на член 42 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија " бр. 36/95), а во врска со Одлуката за определување бројот на судиите во основните судови ("Службен весник на Република Македонија" бр. 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО ТЕТОВО, КАВАДАРЦИ И КРАТОВО**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:
- еден судија на Основниот суд во Тетово,
- еден судија на Основниот суд во Кавадарци и
- еден судија на Основниот суд во Кратово.

2. Заинтересираните кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во член 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за засновање на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весникот "Нова Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4119/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2838.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ "НЕГОТИНО" - НЕГОТИНО**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино" - Неготино, се именуваат:

Бранко Мојсов, дипломиран економист, директор на Одделението за јавни приходи - Неготино,

Душан Водасов, директор на ОУ "Гоце Делчев" - Неготино,

Анка Георгиева, вработена во ЈП за станбен и деловен простор - Неготино и

Ерол Мустафов, дипломиран економист, вработен во "Јадран" - Неготино.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино" - Неготино.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4079/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

---

**2839.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗДРАВСТВЕН ДОМ "КРАТОВО" - КРАТОВО**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Кратово" - Кратово, се именуваат:

Славица Коцевска, началник на Подрачната единица за транспорт и врски - Кратово,

Цане Ристовски, директор на ОУ "Кочо Рацин" - Кратово,

Раде Давитковски, дипломиран економист, раководител на Комерцијален сектор во "Тораница" - Крива Паланка и

Душан Павловски, лекар специјалист - педијатар - приватна ординација.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Кратово" - Кратово.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4081/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2840.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР - КОЧАНИ**

1. За членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Кочани, се именуваат:

Драги Серафимов, дипломиран економист, инспектор во Управата за јавни приходи - Кочани,

Серафим Серафимов, дипломиран правник, директор на Радио Кочани,

Верка Пачарска, дипломиран економист, вработена во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и

Миле Андонов, дипломиран економист од Делчево.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука им престанува мандатот на досегашните членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар Кочани.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4082/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

---

**2841.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**ОДЛУКА
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР "КУМАНОВО" - КУМАНОВО**

1. Ненад Ристевски, пратеник во Собранието на Република Македонија, се разрешува од член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Куманово" - Куманово.

2. За член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Куманово" - Куманово, се именува:

Влатко Крстески, директор на "ДИЕР" - Куманово.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4083/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

**2842.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник Република Македонија" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР "АКАДЕМИК ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР АРСОВ" - КРИВА ПАЛАНКА**

1. Ѓорѓи Петковски, дипломиран економист од Крива Паланка, се разрешува од член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Академик проф. д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка.

2. За член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар " Академик проф. д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка, се именува:

Раде Давитковски, дипломиран економист, вработен во "Тораница" - Крива Паланка.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4080/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р **Саво Климовски,** с.р.

---

**2843.**

Врз основа на член 68 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ ПРАТЕНИЧКА ГРУПА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ЗЕМЈИТЕ ОД БЛИСКИОТ И СРЕДНИОТ ИСТОК**

Член 1

Со оваа одлука се основа пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток.

Член 2

Пратеничката група се основа заради воспоставување и развивање парламентарна соработка на Република Македонија со земјите од Блискиот и Средниот Исток, како и за размена на искуства од парламентарната работа во сите прашања од заеднички интерес.

Член 3

Пратеничката група ја сочинуваат претседател и седум члена од редот на пратениците на Собранието на Република Македонија и тоа:

претседател
Стојан Попов,

членови:
Кирил Андоновски,
Васил Гацовски,
Митко Тилевски,
Александар Гештаковски,
Мирко Иванов,
Назми Кадриу и
Исмет Рамадани.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4086/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р- **Саво Климовски,** с.р.

---

**2844.**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 25/2000), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

1. За членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се именуваат:

- претставници на осигурениците:

Делче Ицков, пратеник во Собранието на Република Македонија,

Кирил Андоновски, пратеник во Собранието на Република Македонија,

д-р Владо Ванковски, вработен во Стоматолошкиот клинички центар во Скопје,

Абдулхади Илјази, дипломиран електро инженер од Тетово,

д-р Имери Имери, лекар од с. Чегране и

д-р Раим Тачи, директор на Медицинскиот центар-Тетово,

- претставници од работодавците:

д-р Томислав Петровски, директор на Специјалната болница за ортопедија и трауматологија "Св. Еразмо" - Охрид и

Васил Гаврилов, директор на Бирото за неразвиени подрачја,

- претставници од здравствените установи, на предлог на коморите од областа на здравството:

проф. д-р Радослав Наумовски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје,

проф. д-р Миле Царчев, вработен во Стоматолошкиот клинички центар во Скопје и

Славко Костовски, дипломиран фармацевт, вработен во "Профармака" - Скопје,

- претставник од Министерството за здравство:

проф. д-р Тане Маркоски, потсекретар во Министерството за здравство и

- претставник од Министерството за финансии:

Горан Анастасовски, потсекретар во Министерството за финансии.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4106/1 Претседател
10 октомври 2000 година на Собранието на Република
Скопје Македонија,
д-р- **Саво Климовски,** с.р.

**2845.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА "КЛИНИКА ЗА МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА" - СКОПЈЕ

1. Звонко Мирчески, пратеник во Собранието на Република Македонија се разрешува од член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Клиника за максилофацијална хирургија" - Скопје.

2. За член на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Клиника за максилофацијална хирургија" - Скопје се именува

Делче Ицков, пратеник во Собранието на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4085/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р- **Саво Климовски,** с.р.

**2846.**

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" број 38/91, 46/93 и 55/95), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2000 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА "МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР" - ШТИП

1. Златко Стојменов, пратеник во Собранието на Република Македонија, се разрешува од член на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар" - Штип.

2. За член на Управниот одбор на јавната здравствена организација "Медицински центар" - Штип се именува

Илко Ѓорѓиев, директор на АД "Ткаенини" - ТК "Македонка" - Штип.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4084/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р- **Саво Климовски,** с.р.

**2847.**

Врз основа на член 22 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 10. 2000 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДИ И ФЕКАЛНИ КАНАЛИЗАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2000 ГОДИНА

1. Во Одлуката за распределба на средствата за изградба на водоводи и фекални канализации во Република Македонија во 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2000), во точка 1 за општина Струмица во алинеја 2 зборовите: "За изградба на фекална канализација во населеното место Струмица", се заменуваат со зборовите: "За изградба на резервоар за водоснабдување на населеното место Струмица".

2. Во точка 1 за општина Неготино-Полошко алинеите 1 и 2 се заменуваат со нова алинеја која гласи:

"За изградба на резервоар за водоснабдување на населеното место Добри Дол 1.200.000,00".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-3322/2
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2848.**

Врз основа на член 24-а, став (1) од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 10. 2000 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТ ЗА УВОЗ НА МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНКА

1. Со оваа одлука се определува царински контингент за увоз на меркантилна пченка, тарифна ознака бр. 10 05 90 00 10, во количина од 35.000 тони, без плаќање на царина пропишана со Царинската тарифа.

2. Меркантилната пченка од точка 1, ќе биде внесена во царинското подрачје на Република Македонија заклучно со 31. 12. 2000 година.

3. Министерот за економија, со решение, го одобрува царинскиот контингент по барање на крајните корисници.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4652/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2849.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 10. 2000 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ УСЛУГИ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И ДИСТРИБУЦИЈАТА НА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

1. Јавните претпријатија и другите правни лица кои вршат услуги во производството и дистрибуцијата на вода и одведување на отпадни води, цените на водата за пиење и надоместот за одведување на отпадни води формирани и применети согласно постојните прописи, може да ги зголемат и тоа:

- ЈП "Комуналец" од Струмица до 30%,
- ЈП "Водовод" од Куманово до 30%,
- ЈП "Дервен" од Велес до 35%,

- ЈП "Исар" од Штип до 50% и
- ЈП "Проаква" од Струга и Охрид до 30%.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4648/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2850.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 10. 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА УСЛУГИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА**

1. Цените на услугите за задолжително осигурување на моторни возила, кои се формирани и применети според постојните прописи можат да се зголемат и тоа за:
- други моторни возила до 10% и
- товарни моторни возила и автобуси до 7%.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4634/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2851.**

Врз основа на член 6 од Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/99), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 10. 10. 2000 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДЕЛ ОД ВИШОЦИТЕ НА ПРИХОДИТЕ НАД ДОЗВОЛЕНОТО НИВО НА ПОТРОШУВАЧКА ВО 2000 ГОДИНА**

1. Дел од остварените вишоци на приходите над дозволеното ниво на потрошувачка во 2000 година во износ од 21.000.000 денари авансно се распределуваат на следните Единици на локалната самоуправа за покривање на дел од трошоците за локалните избори 2000:

| | |
|---|---|
| 1. Берово | 150.000 денари |
| 2. Пехчево | 150.000 денари |
| 3. Битола | 250.000 денари |
| 4. Бистрица | 150.000 денари |
| 5. Новаци | 150.000 денари |
| 6. Бач | 150.000 денари |
| 7. Старавина | 150.000 денари |
| 8. Могила | 150.000 денари |
| 9. Кукуречани | 150.000 денари |
| 10. Цапари | 150.000 денари |
| 11. Добрушево | 150.000 денари |
| 12. Македонски Брод | 150.000 денари |
| 13. Самоков | 150.000 денари |
| 14. Пласница | 150.000 денари |
| 15. Валандово | 150.000 денари |
| 16. Виница | 150.000 денари |
| 17. Блатец | 150.000 денари |
| 18. Гевгелија | 200.000 денари |
| 19. Миравци | 150.000 денари |
| 20. Богданци | 150.000 денари |
| 21. Стар Дојран | 150.000 денари |
| 22. Гостивар | 200.000 денари |
| 23. Неготино-Полошко | 150.000 денари |
| 24. Врапчиште | 150.000 денари |
| 25. Ростуше | 150.000 денари |
| 26. Маврови Анови | 150.000 денари |
| 27. Чегране | 150.000 денари |
| 28. Долна Бањица | 150.000 денари |
| 29. Србиново | 150.000 денари |
| 30. Вруток | 150.000 денари |
| 31. Дебар | 150.000 денари |
| 32. Центар Жупа | 150.000 денари |
| 33. Делчево | 150.000 денари |
| 34. Македонска Каменица | 150.000 денари |
| 35. Демир Хисар | 150.000 денари |
| 36. Сопотница | 150.000 денари |
| 37. Кавадарци | 200.000 денари |
| 38. Конопиште | 150.000 денари |
| 39. Росоман | 300.000 денари |
| 40. Кичево | 200.000 денари |
| 41. Другово | 150.000 денари |
| 42. Осломеј | 150.000 денари |
| 43. Вранештица | 150.000 денари |
| 44. Зајас | 150.000 денари |
| 45. Кочани | 200.000 денари |
| 46. Чешиново | 150.000 денари |
| 47. Облешево | 150.000 денари |
| 48. Зрновци | 150.000 денари |
| 49. Оризари | 150.000 денари |
| 50. Кратово | 150.000 денари |
| 51. Крива Паланка | 200.000 денари |
| 52. Ранковце | 150.000 денари |
| 53. Куманово | 250.000 денари |
| 54. Липково | 150.000 денари |
| 55. Орашец | 150.000 денари |
| 56. Клечовце | 150.000 денари |
| 57. Старо Нагоричане | 150.000 денари |
| 58. Крушево | 150.000 денари |
| 59. Житоше | 150.000 денари |
| 60. Неготино | 150.000 денари |
| 61. Демир Капија | 150.000 денари |
| 62. Охрид | 200.000 денари |
| 63. Белчишта | 150.000 денари |
| 64. Косел | 150.000 денари |
| 65. Мешеишта | 150.000 денари |
| 66. Прилеп | 250.000 денари |
| 67. Долнени | 150.000 денари |
| 68. Тополчани | 150.000 денари |
| 69. Кривогаштани | 150.000 денари |
| 70. Витолиште | 150.000 денари |
| 71. Пробиштип | 150.000 денари |
| 72. Злетово | 150.000 денари |
| 73. Радовиш | 200.000 денари |
| 74. Конче | 150.000 денари |
| 75. Подареш | 150.000 денари |
| 76. Ресен | 150.000 денари |
| 77. Свети Николе | 300.000 денари |
| 78. Лозово | 150.000 денари |
| 79. Струмица | 200.000 денари |
| 80. Ново Село | 150.000 денари |
| 81. Василево | 150.000 денари |
| 82. Босилово | 150.000 денари |
| 83. Куклиш | 150.000 денари |
| 84. Муртино | 150.000 денари |
| 85. Струга | 200.000 денари |
| 86. Луково | 150.000 денари |
| 87. Делогожда | 300.000 денари |
| 88. Лабуништа | 300.000 денари |
| 89. Велешта | 150.000 денари |
| 90. Вевчани | 150.000 денари |
| 91. Тетово | 250.000 денари |
| 92. Џепчиште | 150.000 денари |
| 93. Теарце | 150.000 денари |
| 94. Брвеница | 150.000 денари |
| 95. Камењане | 150.000 денари |
| 96. Боговиње | 150.000 денари |
| 97. Шипковица | 150.000 денари |
| 98. Желино | 150.000 денари |
| 99. Јегуновце | 150.000 денари |
| 100. Вратница | 150.000 денари |
| 101. Велес | 200.000 денари |
| 102. Богомила | 150.000 денари |

| | |
|---|---|
| 103. Градско | 150.000 денари |
| 104. Чашка | 150.000 денари |
| 105. Извор | 150.000 денари |
| 106. Штип | 200.000 денари |
| 107. Карбинци | 150.000 денари |
| 108. Гази Баба | 250.000 денари |
| 109. Арачиново | 150.000 денари |
| 110. Петровец | 150.000 денари |
| 111. Илинден | 150.000 денари |
| 112. Кисела Вода | 250.000 денари |
| 113. Студеничани | 150.000 денари |
| 114. Зелениково | 150.000 денари |
| 115. Сопиште | 150.000 денари |
| 116. Карпош | 200.000 денари |
| 117. Сарај | 150.000 денари |
| 118. Кондово | 150.000 денари |
| 119. Ѓорче Петров | 200.000 денари |
| 120. Чаир | 200.000 денари |
| 121. Чучер-Сандево | 150.000 денари |
| 122. Шуто Оризари | 150.000 денари |
| 123. Центар | 250.000 денари |
| 124. Скопје-град | 500.000 денари |
| ВКУПНО: | 21.000.000 денари |

2. Изборните комисии на општините се должни средствата од точка 1 на оваа одлука да ги користат наменски.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Министерството за финансии. Средствата ќе се преведат на жиро сметките на општинските изборни комисии.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4709/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

---

**2852.**

Врз основа на член 24-а од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 63/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија" на седницата одржана на 10.10.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ ПРИ УВОЗ НА СУРОВИНИ И РЕПРОДУКЦИОНЕН МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА НЕПОСРЕДНО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2000 ГОДИНА

1. Во Одлуката за определување на царински контингенти при увоз на суровини и репродукционен материјал наменет за непосредно производство за 2000 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/2000 и 45/2000), во точка 2 во табеларниот преглед, по алинеја 19 се додаваат четири нови алинеи, кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| - Други кополимери на винил хлорид-винил ацетат "Ларофлекс" | 3904 40 00 00 | 20 тони |
| - Цинкоксид | 2817 00 00 00 | 15 тони |
| - Пластична фолија (перфорирана и др.), друго... | 3920 10 00 19 | 6 тони |
| - Неткаен текстил, друг | 5603 11 90 00 | 3 тони |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4647/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.

**2853.**

Врз основа на член 24 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр. 23/95, 30/95, 43/95 и 43/99) и член 35 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 59/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 17.10.2000 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати, така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит** |
| - МБ - 86 | до 20,700 |
| - МБ - 98 | до 23,556 |
| - БМБ - 95 | до 23,659 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит** |
| - Д - 1 | до 21,576 |
| - Д - 2 | до 20,988 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 18,995 |
| **г) Мазут** | до 12,717 **ден/кг.** |

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија), ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит** |
| - МБ - 86 | до 54,00 |
| - МБ - 98 | до 59,50 |
| - БМБ - 95 | до 56,50 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит** |
| - Д - 1 | до 42,50 |
| - Д - 2 | до 41,50 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 29,00 |
| **г) Масло за горење (мазут)** | до 13,689 **ден/кг.** |

Цените од став 1 на оваа точка, потточките "а", "б" и "в" важат франко пумпна станица, а цената на потточката "г" важи франко производител во земјата.

3. Во малопродажните цени утврдени со точка 2 од оваа одлука, содржани се акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот.

4. Во цените од точка 2 освен во потточката "г" на оваа одлука, содржани се и трошоците за превоз од 0,400 ден/литар, а трошоците на прометот изнесуваат:

| | |
|---|---|
| **а) Моторни бензини** | **ден/лит** |
| - МБ - 86 | до 1,800 |
| - МБ - 98 | до 1,800 |
| - БМБ - 95 | до 1,800 |
| **б) Дизел гориво** | **ден/лит** |
| - Д - 1 | до 1,800 |
| - Д - 2 | до 1,800 |
| **в) Масло за горење** | **ден/лит** |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 1,800 |
| **г) Масло за горење (мазут)** | до 0,220 **ден/кг.** |

5. Од износот на платените акцизи од точка 3 на оваа одлука, Заводот за платен промет ќе врши уплата во износ од 9,18% на сметка на Фондот за пензиско-инвалидско осигурување.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 18.10.2000 година.

Бр. 23-4794/1
17 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

## 2854.

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија", на седницата одржана на 10.10.2000 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за образование и наука и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8471 | | Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место: | |
| | 8471 50 | -Дигитални централни единици освен оние од тар. под броеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 | -Дигитални централни единици освен оние од тар. под броеви 8471 41 и 8471 49, кои содржат или не содржат во исто куќиште една или две од следниве единици: мемориски единици, влезни единици, излезни единици: | |
| | 8471 50 10 00 | --За употреба во цивилни воздухоплови | |
| | | а) Процесор - работна станица | 61 парче |
| | 8471 60 | -Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат мемориски единици во исто куќиште: | |
| | 8471 60 90 00 | ---Друго | |
| | | а) Монитор | 61 парче |

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4609/1
10 октомври 2000 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски**, с.р.

## 2855.

Врз основа на член 184 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/98, 26/98, 36/98, 86/99 и 25/2000), Владата на Република Македонија", на седницата одржана на 10.10.2000 година, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се определуваат предметите кои може да се увезат без плаќање царина, а за потребите на Министерството за образование и наука и тоа:

| Тарифен број | Тарифна ознака | Наименување | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 8301 | | Катанци и брави (на клуч, шифра или електрични), од прости метали; затворачи и опкови со затворачи, кои имаат вградени брави, од прости метали; клучеви за кои и да е од споменатите производи, од прости метали: | |
| | 8301 40 | -Други брави: | |
| | 8301 40 90 00 | --Други брави | 5 парчиња |
